Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 22-11. 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 01 | 5115 | 1 | |

01 01
1

ДО:

**Претседателот и членовите на Советот на**

**Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Препратено и до директорот и стручната служба на Агенцијата**

**ПРЕДМЕТ: Предлог забелешки и сугестии за дополнување на Нацрт-програмата за работа на АВМУ за 2020 година, усвоена на седницата на Советот на АВМУ одржана на 19.11.2019 година**

Почитувани,

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 43 седница што се одржа на 19.11.2019 година ја отвори постапката за носење на Програмата за работа на Агенцијата за 2020 година со усвојување на Нацрт-програмата. Која во себе ги одржи и нацрт верзијата за планирани активности во идната година и Нацрт-финансиот план за 2020 година во кој е даден преглед на приходите кои се очекува да се остварат и неопходните расходи за реализација за сите наведени активности.

Уште на самата седница изнесов неколку сугестии и предлози за дополнувања на предложениот текст, се со цел, на крајот да се добие поквалитетен по содржина документ, што треба да биде реализиран во текот на целата наредна година. Нив, сега ги преточувам, во конкретни предлози за дополнување на предложениот текст. Го задржувам правото во финалната расправа за Програмата за работа и усно да дадам дополнителни предлози.

**Предлог 1:**

- **Каков образовен концепт за медиумска писменост и е потребен на Македонија (анализа која би била изработена и презентирана во 2/2 од 2020 година на соодветен настан)**

Образложение:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е еден од најактивните чинители во општеството по прашањето за медиумската писменост, која се наметнува како еден од најзначајните сегменти во секое модерно општество. Без медиумски писмени граѓани со критичко мислење и свест, нема нивно вистинско учество во демократските процеси, а со тоа нема и развој и пат кон групата на развиени демократии во Европа и светот. Од тие причини, неопходно е час поскоро е медиумската писменост да влезе како составен дел на образовниот систем во државата од предучилишна до универзитетска возраст.

АВМУ е лидер на Мрежата за медиумска писменост, чадор-организација на 50-тина членки кои се занинаваат со медиумската писменост. Во тие рамки АВМУ неодамна организираше и успешно спроведе "Денови на медиумската писменост" која треба да прерасне во традиционална. Во текот на 2019 година издаден и еден јавен документ насловен како "Политика за медиумска писменост" во кој, меѓу другото, стои дека Агенцијата ќе планира, иницира, поддржува и ќе известува, ќе води, извршува, координира или овозможува конкретни активности поврзани со медиумската писменост.

Водејќи се токму од ова, би било целисходно, некаде пред почетокот на новата учебна година 2020/2021, да се изработи кратка анализа, за тоа каков образовен концепт за медиумско образование и писменост и треба на Македонија. Дали содржините за медиумска писменост да се изучуваат посебно во еден предмет, или, пак, да се дисперзираат во повеќе, ако не и во сите образовни предмети (што јас лично повеќе го поддржувам). Потоа, на која возраст да се почне со изучувањето на медиумската писменост и колкав простор и време треба да биде одвоена за неа.

Би било уште поефектно, таквата анализа да биде презентирана на посебен настан на која би биле поканети експерти од оваа област – по што би се отворила неопходна јавна дебата што, според мене, ќе биде од значење и за развој на оваа тематика, но и за своевидно јавно потсетување (ако сакате и притисок) од надлежните да што поскоро се соочат со предизвикот наречен – воведување на медиумската писменост во едукацијата.

**Предлог 2:**

- **Имплементација на новата ревидирана Директива за аудиовизуелни медиумски услуги во земјите членки на ЕУ (извештај со осврт, што би бил изработен и презентиран некаде кон крајот на 2020 година)**

Образложение:

Кон крајот на 2018 година Советот на Европа ја усвои новата ревидирана Директива за аудиовизуелни медиумски услуги која, во законодавствата на земјите од ЕУ треба да биде имплементирана до крајот на октомври 2020 година. Со неа, се оди чекор понатаму и се шири опсегот на тоа што ќе биде предмет на регулација во медиумската сфера. Таа, покрај за традиционалите радиодифузери – радијата и телевизиите, ќе се однесува и на видеата по барање и платформите за споделување на видеа.

Промените во оваа директива практично, создаваат нов дискурс во адуивизуелните медиумски политики со кои, би требало да се обезбеди поголема заштита на малолетниците од штетните содржини кои се наоѓаат на Интернет, каде доминантно, преку, социјалните мрежи, но и со користење на канали на video sharing платформите, се вклучени тие. Истовремено, треба да обезбеди и поголема флексибилност во телевизиското рекламирање, но и да се засилат обврските за заштита од говор на омраза како и да се обезбеди поголема независност на регулаторот.

Македонија како земја – претендент за членство во ЕУ, ќе мора да го следи чекорот со европските земји и во скоро време да го отвори процесот кој ќе значи нејзино спроведување. Од тие причини, сметам дека еден ваков извештај со осврт, кој во себе би ги содржел искуствата од нејзината имплементација во националните законодавства на земјите членки на ЕУ, во соработката преку Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Групата не европски регултори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), потоа Медитаранска мрежа на регулаторни тела (MNRA), но и во директни контакти и средби на билтерално ниво, на законодавецот би му се дало јасна слика и визија – во кој правец би требало да одат законските измени што би значеле суштинска имплементација на Директивата.

**Предлог 3:**

- **Организација на дебата насловена како “Каков модел на медиумска концентрација ни треба“ (терминот за одржување го оставам по избор на Службата)**

Образложение:

Медиумската концентрација (недозволена) е механизам со кој се заштитува медиумскиот плурализам и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги. И, како таква е неопходна за да се заштити јавниот интерес. Токму затоа, нејзина основна цел е да се спречи, едно лице, компанија или група, да имаат прекумерно влијание во еден или повеќе медиумски сектори. И, на тој начин да претставуваат закана за медумскиот плурализам и слободата на изразување.

Но, истовремено, кога се утврдуваат вакви ограничувања треба исклучително да се внимава тие да не претставуваат пречка или блокада за развој на медиумскиот пазар и на иновациите во оваа сфера.

Одредбите што важат и во актуелниот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги речиси во целост се преземени од законската регулатива што важеше од 2005 година. Речиси деценија и половина нема значајна промена во третманот кон медиумската концентрација во Македонија. Иако, оттогаш до денес медиумската слика и пазарот значително се измени. Се појавија нови даватели на услуги, нови начини на пристап од публиката на медиумските содржини, а во некои од медиумскиот сектори (печатените) се случија големи промени .

И во новата стратегија за аудио и аудиовизуелна дејност има зацртано “потреба да се преиспита дали постојните законски одредби ја исполнуваат целта“. Оттука, ја поздравувам најавата за изработка на студија насловена како “Плурализмот на медиумската сопственост во новото медиумско опкружување“. Но, сметам дека истата во најмала рака треба да биде логистички поддржана и со промоција во форма на дебата. Дебата во која, со вклучување на домашни и меѓународни експерти (по можност) би се добило јасна слика – каков модел на медиумска концентрација е најцелисходен за нас. А, законодавецот би имал јасна слика, какви чекори треба да се преземат за оваа област во секое идно отворање на процес за измена на законската регулатива.

Скопје, 22.11.2019 година

**член на Советот на АВМУ**

**Зоран Фиданоски**